# LANGUAGE PRIOR KNOWLEDGE OF THE STUDENTS - FIRST GRADERS AS A BASIS FOR MASTERING THE CURRICULUM IN FIRST GRADE

**Slavica Pilatova**
PMS ,, Goce Delchev” – Shtip, R. N. Macedonia, slavica.pilatova@yahoo.com
**Elena Tashkova**
PMS ,, Goce Delchev” – Shtip, R. N. Macedonia, tashkovae@gmail.com
**Slavica Nedelkova**
PMS,, Goce Delchev” – Shtip, R. N. Macedonia, slavica.nedelkova@gmail.com
**Lidjia Kamcheva – Panova**
UGD, Faculty of Philology - Shtip, R. N. Macedonia, lkamceva@yahoo.com

**Abstract:** Since the introduction of the nine-year education in 2007 until today, attempts are made to follow the modern trends in education, as well as to raise the quality of teaching and learning. Curricula aimed at the goals have been prepared, trainings for the teaching staff have been conducted and a number of projects have been implemented to improve the quality of teaching and learning by the institutions of the system, international and domestic organizations. An Education Strategy for 2018 - 2025 has been prepared which sets out the key activities that need to be undertaken in the coming years to improve teaching and learning. Priorities include student-centered instruction, measuring learning outcomes in relation to outcomes (instead of focusing only on gaining knowledge) and introducing national assessment.

The concept of primary education, prepared in March 2021, is the basis for providing quality primary education, which expects the school to enable children to meet the demands of life in the present and the future, i.e, to teach students to study in further education and in life in general. The concept provides the essential precondition for achieving this goal - teaching to be oriented towards deep and meaningful learning based on critical thinking and logical reasoning.

With the National standards for primary education are defined the competencies that students should acquire at the end of primary education. The National standards are embedded in the curriculum, through the representation of the teaching subjects and extracurricular activities, and in the curricula, through the transfer of competencies into expected learning outcomes and, consequently, in assessment standards.

Curricula are developed on the basis of National competency-based standards.

The Macedonian language curriculum for the first grade offers the following topics / areas: 1. Listening and speaking; 2. Initial reading and writing; 3. Literature, expression and creation and 4. Media literacy and media culture.

In this paper, we will focus on the students' prior knowledge, measured in the PMS "Goce Delchev" - Stip and RPS Tri Cheshmi, who in the school year 2021/22 will be in the first grade and to give our view in achieving the expected results from the same

**Keywords:** language prior knowledge, first grade curriculum

# ЈАЗИЧНИТЕ ПРЕДЗНАЕЊА НА УЧЕНИЦИТЕ – ПРВАЧИЊА КАКО ОСНОВА ЗА СОВЛАДУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ВО ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ

**Славица Пилатова**
ООУ „Гоце Делчев“ - Штип, Р.С. Македонија, slavica.pilatova@yahoo.com
**Елена Ташкова**
ООУ „Гоце Делчев“ – Штип, Р.С. Македонија, tashkovae@gmail.com
**Славица Неделкова**
ООУ „Гоце Делчев“ – Штип, Р.С. Македонија, slavica.nedelkova@gmail.com
**Лидија Камчева – Панова**
УГД, Филолошки факултет - Штип, Р.С. Македонија, lkamceva@yahoo.com

**Резиме**: Од воведувањето на деветгодишното образование во 2007 година, па до денес, се прават обиди да се следат современите трендови во образованието, како и да се подигне квалитетот на наставата и учењето. Изготвени се наставни програми насочени кон целите, спроведени се обуки на наставниот кадар и имплементирани се голем број проекти за унапредување на квалитетот на наставата и учењето од страна на институциите на системот, меѓународни и домашни организации. Изготвена е Стратегија за образование за 2018 – 2025 која ги поставува клучните активности кои треба да се преземат во следните години за да се подобрат наставата и учењето. Приоритетите вклучуваат настава која е насочена кон ученикот, мерење на напредокот во учењето во однос на резултатите (наместо акцентот да е само на стекнување знаење) и воведување на национално оценување.
Концепцијата за основно образование, изготвена во март 2021 година, претставува основа за обезбедување квалитетно основно образование, кое очекува училиштето да ги оспособи децата да одговорат на барањата на животот во сегашноста и иднината, односно, да ги научи учениците да учат во натамошното образование и во животот воопшто. Со концепцијата се обезбедува суштинскиот предуслов за постигнување на оваа цел – наставата да се ориентира кон продлабочено и смислено учење базирано на критичко мислење и логичко заклучување.
Со Националните стандарди за основното образование се определени компетенциите кои треба да ги стекнат учениците на крајот на основното образование. Националните стандарди се вградени во наставниот план, преку застапеноста на наставните предмети и вонннаставните активности, и во наставните програми, преку преточување на компетенциите во очекувани резултати од учењето и, следствено на нив, во стандардите за оценување.
Наставните програми се развиваат врз основа на Националните стандарди базирани на компетенции.
Наставната програма по македонски јазик за прво одделение ги нуди следниве теми/подрачја: 1.Слушање и зборување; 2.Почетно читање и пишување; 3.Литература, изразување и творење и 4.Медиумска писменост и медиумска култура.
Ние во овој труд, ќе се задржеме на предзнаењата на учениците, мерени во ООУ „Гоце Делчев“ – Штип и ПОУ Три Чешми, кои во учебната 2021/22 година ќе бидат во прво одделение и да дадеме наше видување во остварувањето на очекуваните резултатаи од истата
**Клучни зборови:** јазични предзнаења, наставна програма за прво одделение

## 1. ВОВЕД

Основното образование во Република Северна Македонија е првиот задолжителен степен на образование што ги опфаќа учениците на возраст од 5 години и 8 месеци, односно 6 години, до 14 години и 5 месеци, односно 15 години, и е организирано во три периода, и тоа: од I до III одделение, од IV до VI одделение и од VII до IX одделение.

Од воведувањето на деветгодишното образование во 2007 година, па до денес, се прават обиди да се следат современите трендови во образованието, како и да се подигне квалитетот на наставата и учењето. Изготвени се наставни програми насочени кон целите, спроведени се обуки на наставниот кадар и имплементирани се голем број проекти за унапредување на квалитетот на наставата и учењето од страна на институциите на системот, меѓународни и домашни организации. Изготвена е Стратегија за образование за 2018 – 2025 која ги поставува клучните активности кои треба да се преземат во следните години за да се подобрат наставата и учењето. Приоритетите вклучуваат настава која е насочена кон ученикот, мерење на напредокот во учењето во однос на резултатите (наместо акцентот да е само на стекнување знаење) и воведување на национално оценување.

Концепцијата за основно образование, изготвена во март 2021 година, претставува основа за обезбедување квалитетно основно образование, кое очекува училиштето да ги оспособи децата да одговорат на барањата на животот во сегашноста и иднината, односно, да ги научи учениците да учат во натамошното образование и во животот воопшто. Со концепцијата се обезбедува суштинскиот предуслов за постигнување на оваа цел – наставата да се ориентира кон продлабочено и смислено учење базирано на критичко мислење и логичко заклучување.

Концепцијата се потпира на инклузивноста, родовата сензитивност/рамноправност и интеркултурноста како клучни принципи и е директно поврзана со Националните стандарди за основно образование што ги даваат насоките кон кои треба да се стреми целокупната организација и реализација на воспитно-образовниот процес во основните училишта.

Со Националните стандарди за основното образование се определени компетенциите кои треба да ги стекнат учениците на крајот на основното образование. Во нив се вградени клучните компетенции за доживотно учење што се опфатени во Препораката на Советот на Европската Унија од 2018 година, а при нивната

изработка се земени предвид и препораките кои произлегуваат од меѓународни студии и од други документи на Европската Унија кои имаат за цел да го подобрат квалитетот на образованието во земјите членки и да обезбедат усогласување и мобилност меѓу образовните системи во Европа. Притоа, клучните компетенции за доживотно учење од европската рамка се прилагодени како на возраста на учениците кои го завршуваат основното образование така и на контекстот на македонското општество, а при нивното дефинирање се земени предвид и досегашните искуства во основното образование во нашата земја.

Националните стандарди се однесуваат на осум подрачја околу кои се групирани компетенциите, кои може да се резимираат на следниот начин:

I Јазична писменост

Тука спаѓаат компетенциите кои озможуваат идентификување, разбирање, изразување, создавање и интерпретирање на концептите, чувствата, фактите и мислењата во усна и во различни писмени форми, со користење на визуелни, звучни/аудио и дигитални материјали во различни дисциплини и контексти. Овие компетенции се однесуваат на мајчиниот јазик (односно на јазикот на кој се одвива наставата) и вклучуваат знаење за читање и пишување и солидно разбирање на пишани текстови, владеење со определен вокабулар и граматика и познавање на функциите на јазикот, како и оспособеност за користење на главните видови вербална интеракција во усна и пишана форма.

I. Користење други јазици
II. Математика и природни науки
III. Дигитална писменост
IV. Личен и социјален развој
V. Општество и демократска култура
VI. Техника, технологија и претприемништво
VII. Уметничко изразување и култура

Националните стандарди се вградени во наставниот план, преку застапеноста на наставните предмети и вонтаставните активности, и во наставните програми, преку преточување на компетенциите во очекувани резултати од учењето и, следствено на нив, во стандардите за оценување.

Наставниот план содржи задолжителни предмети, изборни предмети и други активности понудени од училиштето, сите распределени по одделенија и по број на часови неделно и годишно. Наставниот план претставува основа за структурирање на воспитно-образовната работа на државно ниво и за нејзино организирање во училиштата.

Задолжителни наставни предмети

Во наставниот план се застапени 8-11 задолжителни предмети.

Предметот *Македонски/Албански/Турски/Српски/Босански јазик* е дефиниран со јазикот на кој се реализира наставата (и за повеќето ученици овозможува совладување на мајчиниот јазик) и произлегува од подрачјето *Јазична писменост* од Националните стандарди за основното образование. Од подрачјето *Користење други јазици* произлегува предметот *Англиски јазик*.

Наставните програми се развиваат врз основа на Националните стандарди базирани на компетенции.

Централно место во наставните програми имаат резултатите од учењето. Постигнувањето на резултатите од учењето обезбедува стекнување на компетенциите (знаењата, вештините и ставовите) опфатени со Националните стандарди. Резултатите од учењето означуваат што се очекува ученикот да постигне учејќи го конкретниот наставен предмет во определено одддленеие. Од резултатите од учењето се изведени стандардите за оценување кои укажуваат на најмалку четири нивоа на когнитивни постигања на учениците, согласно Блумовата таксономија (познавање, сфаќање, примена и анализа/евалуација/креирање). Стандардите за оценување придонесуваат кон објективност и транспарентност во оценувањето на тој начин што им помагаат на наставниците во определување/оформување на критериуми за оценување.

Наставната програма по македонски јазик за прво одделение ги нуди следниве теми/подрачја: 1.Слушање и зборување; 2.Почетно читање и пишување; 3.Литература, изразување и творење и 4.Медиумска писменост и медиумска култура.

Ние во овој труд, ќе се задржеме само на резултатите од учење наведени во Наставната програма кои водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето Јазична писменост***:***

1.Ученикот/ученичката знае и умее:

-да ги изразува и пренесува своите мисли, чувства, информации и ставови во различни комуникациски ситуации на својот мајчин јазик преку различни медиуми и за различни цели;

-да го користи стандардизираниот јазик, со почитување на граматичките и правописните правила при усно и писмено изразување;

-да ги идентификува основните карактеристики на мајчиниот јазик (азбука, историја, дијалекти итн.) и сличностите и разликите со другите јазици;
-да разбира содржини на аудиопораки: да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира информациите од пораките и да ги искаже (писмено и усно) со свои зборови;
-да разбира содржини на пишан текст: да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира информациите од текстот и да ги искаже (писмено и усно) со свои зборови;
-да користи информации од различни извори и медиуми и критички да пристапува кон нив, земајќи го предвид изворот, контекстот, целта и веродостојноста на презентираните информации.
2.Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:
-преку изучување на мајчиниот јазик се развива сопствениот јазичен и културен идентитет, а преку јазичната комуникација се пренесува културното наследство и културата на живеење;
-со употребата на јазикот во различни контексти и средини и во различни форми се овозможува ефикасна комуникација и интеракција (секогаш имајќи предвид со кого се остварува комуникацијата);
-содржината и начинот на изразување на сопственото мислење можат да придонесат за одржување и за подобрување на комуникацијата, но и да предизвикаат недоразбирање и конфликти.

## 2. РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

1.СЛУШАЊЕ И ЗБОРУВАЊЕ
Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:
-води краток разговор со други;
-прераскажува и раскажува кратки слушнати текстови, употребувајќи различни видови реченици
-опишува она што го видел/видела во дадена ситуација;
-користи невербална комуникација соодветно на ситуацијата.
2.ПОЧЕТНО ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ
Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:
-чита зборови, реченици и кратки текстови со разбирање;
-пишува зборови и куси реченици.
3.ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ
Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:
-прераскажува со свои зборови кус литературен текст кој го слушнал/слушнала и/или прочитал/прочитала;
-чита кус литературен текст со разбирање;
-обработува кус литературен текст преку ликовите, редоследот на настаните, местото и времето на одвивање;
- креира крај на приказна или приказна според даден настан.
По сето ова изнесено можеме да забележиме, во подрачјето Почетно читање и пишување како и подрачјето Литература, изразување и творење, амбициозна програма која бара од наставникот во рок од една учебна година, учениците од прво одделение да ги постигнат овие резултати.

## 3. МАТЕРИЈАЛИ, МЕТОДИ И РЕЗУЛТАТИ

За да можеме понатаму да ја планираме и организираме наставната програма по македонски јазик, направивме истражување на јазичните предзнаења на учениците кои се запишуваат во прво одделение во учебната 2021/22 година. Сепак станува збор, за нова наставна програма, која треба за прв пат да се реализира во оваа учебна година. Истражувањето ги опфати учениците – првачиња во ООУ „Гоце Делчев“ – Штип со подрачното училиште ПОУ Три Чешми.
Комисијата во ова училишта, составена од педагог, логопед и одделенски наставник, при уписот на учениците во прво одделение ги тестираа учениците во неколку подрачја и тоа: општи податоци кои детето ги знае за себе, проценка на снаоѓање во време и комуникација, перцепирање и визуелно помнење, способност за логичко заклучување, јазично предзнаење, математичко предзнаење, визуелна перцепција и интелектуални и графомоторни способности.
Беа тестирани вкупно 59 ученици – првачиња, од кои 33 машки и 26 женски. Што се однесува до националноста, резултатите се:

| Македонци | Роми | Власи | Турци | Друго |
|---|---|---|---|---|
| 20 | 36 | 2 | 1 | / |
| Вкупно 59 | | | | |

Во делот што нас нè интересира е јазично предзнаење и беа постигнати следниве резултати:

Јазични предзнаења кај учениците кои ќе бидат првачиња во учебната 2021/22 година

1.На првиот исказ од прашалникот, од вкупно 59 тестирани ученици, добиени се следниве резултати: 31 ученик целосно умеат да именуваат поими на покажани слики, го знаат нивното значење и умеат да состават кратка реченица за дадената слика, 14 ученици делумно умеат, а 14 ученици воопшто не умеат да именуваат поими на сликата и да состават кратка реченица.




2. На вториот исказ од прашалникот, од вкупно 59 тестирани ученици, добиени се следниве резултати: на прашањата: Што?, Кој?, Каде?, Каков?, 29 ученици дале целосен одговор, 11 ученици делумен и краток одгвор, а 19 ученици воопшто не дале одоговор на поставените прашања.




3. На третиот исказ од прашалникот, од вкупно 59 тестирани ученици, добиени се следниве резултати: 37 ученици воопште не умеат да издвојат глас кој се наоѓа на почетокот, средината или на крајот од зборот, делумно тоа го умеат 10 ученици, а 12 ученици целосно ја воочуваат местополжбата на гласот во зборот.



4.На четвртиот исказ од прашалникот, од вкупно 59 тестирани ученици, добиени се следниве резултати: 11 ученици целосно ги препознаваат буквите од македонската азбука, 11 ученици делумно го можат тоа, а 37 ученици воопшто не ги препознаваат буквите од македонската азбука.




5. На петтиот исказ од прашалникот, од вкупно 59 тестирани ученици, добиени се следниве резултати: 42 ученика кои ќе бидат во прво одделение во учебната 2021/22 година, воопшто не умеат да читаат, 13 тоа го умеат делумно, а само 4 умеат да читаат.




## 4. ЗАКЛУЧОК

Имајќи ги во предвид изнесените стандарди за оценување во наставната програма по македонски јазик за прво одделение во подрачјето Почетно читање и пишување : препознава (чита) зборови според дадена илустрација, препознава нова буква во состав на збор/реченица, ги препознава симболите на гласовите и ги поврзува со зборови (поим за буква), препознава нова буква, поврзува буква со глас, пишува линии кои претставуваат елементи на буквите, пишува печатни букви (мали и големи), пишува едноставни зборови, пишува кратки реченици, користејќи голема буква и интерпункциски знаци (точка, извичник и прашалник), чита зборови, реченици, текстови напишани со изучените букви, одговара на едноставни прашања во врска со прочитан текст, поставува прашања во врска со прочитаниот текст и стандардите за оценување во подрачјето Литература, изразување и творење: идентификува народна приказна, расказ, басна, бајка, драмски текст и стихотворба (по слушање), прераскажува содржина на слушнат кус литературен текст со помош на прашања, прераскажува содржина на прочитан кус литературен текст со свои зборови, препознава и издвојува зборови кои се римуваат во стихотворби, репродуцира стихотворби, препознава почеток, средишен и завршен дел од слушнат литературен текст, прераскажува кус литературен текст, почитувајќи го редоследот на настаните, опишува настан по дадени илустрации, смислува крај на недовршен текст, смислува нов крај на прочитан литературен текст, одредува место и време на случувањата во литературниот текст, идентификува ликови во литературниот текст, опишува ситуации од секојдневниот живот кои соодветствуваат на постапките на ликовите од литературниот текст, нашето истражување покажа дека при реализација на наставната програма за прво одделение, наставниците можат да се соочат со проблем за целосно и од поголем број ученици совладани очекуваните резултати. Бројката не е репрезентативна, со

оглед на ситуацијата во која се наоѓа целиот свет предизвикана од пандемијата со КОВИД – 19. Нашата претпоставка е дека во поголем број на училишта во Република Северна Македонија, помал број ученици ќе ги постигнат очекуваните резултати во подрачјето Литература, изразување и творење бидејќи наставниците ќе се задржат подолго време на подрачјето Почетно читање и пишување. Ќе продолжиме да ги следиме овие ученици во иднина, во септември ќе ги истражиме, во целост, со сите компоненти нивните предзнаења од подрачјето Почетно читање и пишување и Литература, изразување и творење, а ќе ги измериме и постигањата на крајот од учебната година.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**

Адамческа, С. (1997). Почетно читање и пишување, 1997, Скопје
Концепција за основно образование, МОН, 2021, Скопје
Наставна програма за македонски јазик, МОН, БРО, 2021, Скопје
Евидентен лист за ученик за упис во прво одделение, интерен документ на ООУ „Гоце Делчев“ - Штип